## Халкбанк - Политика за приватност на личните податоци, верзија 02.10.2020 година

Политиката за приватност на личните податоци го уредува начинот на кој Халкбанк (во понатамошниот текст: Банката) ги прибира, ги обработува и ги користи податоците добиени кога ќе се посети веб-страницата на Банката, како и видовите информации што можат да се приберат и да се задржат на овој начин.

**Информации што ги прибира Банката кога ќе се посети веб-страницата**

- Информациите со кои се идентификувате при користењето на производите и на услугите на Банката, односно личните податоци што самите ни ги доставувате и сте согласни да ги обработуваме.
- Информации што не се лични, односно податоци за содржината што ја гледате, информации за софтверот на интернет-пребарувачот, за тоа кои содржини ги кликате, кои производи и услуги ги посетувате, за типот на компјутер, како и технички информации кои се однесуваат на оперативниот систем и на испорачувачот на интернет-услугата и слично.

**На кој начин се врши обработката на личните податоци?**

Банката во своето деловно работење ги користи законските и општоприфатените норми за заштита на личните податоци на граѓаните. При обработката на личните податоци од збирките на податоци што ги оформува Банката за вршење на својата дејност се применуваат општите принципи за заштита на приватноста на секој субјект и на неговите лични податоци.

При оформувањето на збирките на лични податоци за вршење на својата дејност, Банката се води од следниве принципи:

- Личните податоци се прибираат и се обработуваат правично и во согласност со законот.
- Личните податоци се собираат за конкретни, јасни цели утврдени со закон и се обработуваат на начин кој е во согласност со тие цели.
- Личните податоци се собираат во обем соодветен на целите за кои се прибираат, се складираат и се обработуваат.
- Во натамошната обработка, личните податоци треба да бидат точни, целосни и ажурирани, по потреба со примена на мерки за бришење или за коригирање на неточните или на нецелосните податоци, имајќи ги предвид целите за кои се собрани.
- Личните податоци ќе се чуваат во форма која обезбедува идентификација на субјектот чиишто се личните податоци не подолго од рокот предвиден со закон за исполнување на целите за кои се прибираат податоците
- При обработката на податоците по истекот на рокот за чување мора да се почитува правото на заштита на приватноста, на личниот и на семејниот живот на субјектот чиишто се личните податоци од нивно неовластено користење и во најкус рок да се изврши нивно поништување

**Како ги штитиме Вашите податоци**

Личните податоци што ги прибира, во обем утврден со деловните и со други потреби и според согласноста добиена од субјектите на тие податоци, Банката е должна да ги примени

организациските и техничките принципи и средства за нивна заштита од намерно или ненамерно губење, преправање, неовластено пристапување или користење. Притоа, Банката ги користи истите организациски и технички средства што ги користи и за заштита на информациите за деловното работење ако со нив се обезбедува соодветен степен на заштита или применува специфични мерки приспособени на потребите за заштита на личните податоци.

Халкбанк нема да ги продава или да ги пренесува личните податоци на трети лица освен во случаите предвидени со закон или ако е тоа неопходно за извршување на деловните операции за кои се прибрани тие податоци.

Пренесувањето на личните податоци се врши со обезбедување соодветен степен на нивна заштита, специфичен за методата и за медиумот со кој се врши преносот, за да се спречи можноста за нивно читање при преносот.

**Обработка и споделување на информациите**

За време на посетата на веб-страницата, Вашата приватност целосно се почитува.

Банката ги обработува Вашите лични податоци (личните податоци за идентификација, контактните информации) според согласноста што сте ја дале за обработка на податоците.

Банката не им ги открива Вашите лични податоци на трети страни без Ваша согласност. Личните податоци можат да се откријат само во согласност со законот.

**За кои цели се користат личните податоци и информации?**

Вашите лични податоци што ги прибира Банката можат да се користат за следново:

- Да Ве идентификува со цел да Ви ја обезбеди потребната информација во врска со користењето на производите и на услугите на Банката.
- Да Ви го олесни пребарувањето и да ги разјасни нејаснотиите во врска со Банката и/или со функционирањето на нејзините производи и услуги.
- Да Ви пружи помош при поплаки или при проблеми во врска со користењето на производите и на услугите на Банката.
- Да Ви обезбеди повратна информација и искажување на Вашето мислење во врска со производите и со услугите на Банката.
- Да ја разгледа можноста за Ваше вработување доколку аплицирате за работа во Банката преку веб-страницата.

**Политика на колачиња (cookies)**

Колачињата се мали датотеки што се користат за прибирање информации преку кои се овозможува препознавање на Вашиот компјутер при Вашата следна посета на нашата интернет-страница, со што се овозможува побрз пристап. Исто така, во одредени случаи запишуваме информации во форма на колачиња на Вашиот компјутер со цел да ја приспособиме посетата на интернет-страниците кон Вашите потреби и навики. Преку колачињата не се прибираат лични податоци.

Сите информации што се меморираат во рамките на колачињата можат да бидат искористени само за потребите на интернет-услугата, и тоа на начин на кој нема да биде загрозена Вашата приватност.

**Што се колачиња?**

Колачињата се податоци што ги користат веб-страниците за да ги идентификуваат веб-корисниците. Преку овие податоци веб-страницата може да го идентификува корисникот следниот пат кога ќе ја посети. Затоа не е потребно корисникот да се идентификува секогаш кога ќе влезе на истата вебстраница. Колачињата им овозможуваат на веб-страниците да формираат профил за корисникот врз основа на податоците што ги има дадено претходно, најчесто за рекламни цели. Агентите за рекламирање можат да ги искористат овие податоци за испраќање е-пошта за производи и за услуги за кои сметаат дека ќе бидат интересни за корисниците.

**Како да ги оневозможите колачињата?**

Менито „Помош“ („Help“) во лентата со алатки на интернет-пребарувачот на Вашиот компјутер ги дава следниве информации за корисниците:

- Како да го спречите прифаќањето нови колачиња во пребарувачот.
- Како да го поставите пребарувачот да Ве извести кога ќе примите ново колаче.
- Како целосно да ги исклучите колачињата. Доколку не се прифатат колачињата, тогаш постои можност дел од содржината на вебстраницата да не биде достапна, на пример, одредени кориснички релевантни понуди може да не се прикажат правилно.

За да се спречи ова, Ви препорачуваме да ги прифатите колачињата. Постојат многуонлајн информации за колачињата во случај да сакате да дознаете повеќе за нив. Посетете ја, на пример, страницата: https://en.wikipedia.org/wiki/HTTP_cookie

На пример, доколку користите Internet Explorer верзија 11.0, морате да го направите следново:

- изберете „Settings“, а потоа „Internet Options“;
- кликнете на табулаторот „Privacy“;
- со помош на лизгачкото мени изберете ги опциите што ги преферирате.

**Типови колачиња**

- Сесиски колачиња

Тоа се привремени колачиња, кои се зачувуваат во датотеката на колачето на Вашиот Интернет-пребарувач додека не ја завршите сесијата на него. Овие колачиња се задолжителни за одредени апликации или функционалности на оваа веб-страница за нејзина правилна работа.

- Постојани колачиња

Можно е да користиме постојани колачиња за подобра услуга за корисниците (на пример, обезбедување оптимизирана навигација). Овие колачиња остануваат во датотеката на колачето на Вашиот пребарувач подолг временски период. Временскиот период зависи од изборот што ќе го направите во поставките на Вашиот интернет-пребарувач. Постојаните колачиња овозможуваат информациите да се пренесат на веб-серверот секојпат кога некој ќе ја посети веб-страницата. Постојаните колачиња се познати и како колачиња за следење.

- Колачиња од трети страни

Овие колачиња се за аналитика и за маркетинг. Тие прибираат информации кои се користат или во збирна форма, со што ни помагаат да разбереме како се користи нашата веб-страница или

колку се ефективни нашите маркетинг-кампањи, или за да ни помогнат да ги приспособиме нашата веб-страница и нашите апликации со цел да го подобриме нивното користење.

Колачиња можат да се користат во следниве категории: Google Analytics, Google Ads, Facebook Pixel и LinkedIn Pixel.

Доколку не сакате да користите колачиња како што е наведено погоре или ако се премислите откако ќе се согласите со нашата употреба на колачињата, можете да ги избришете преку Вашиот пребарувач.

**Прифаќање на условите**

Со користењето на оваа веб-страница се согласувате, односно ги прифаќате одредбите од Политиката за приватност на Халкбанк АД Скопје.

Доколку не се согласувате со Политиката, Ве молиме кликнете на **Не се согласувам.**